Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ
Примено: 30.12.2014
Број
10 | 6702 | 1

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**ИЗВЕШТАЈ**
**од редовниот надзор врз програмскиот сервис на**
**Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје,**
**емитуван на 6 декември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудио комерцијални комуникации; и
- обврските за емитување инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија и/или вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, од 6 декември 2014 година, **не се констатирани прекршувања** ниту на обврските за емитување аудио комерцијални комуникации, ниту на обврските за емитување инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија и/или вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*30.12.2014 година*